Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-308/2
18.03.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-308/1 од 12.03.2024 година, поднесена од [redacted], Росоман, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-308/1 од 12.03.2024 година, поднесена од [redacted], Росоман, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 12.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted], Росоман, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителот наведува дека до 2015 година бил вработен на работно место раководител на смена во ПС за обезбеддување на државна граница Михајлово, Регионален центар за Гранични работи Југ, Биро за јавна безбедност при МВР. Во октомври 2015 година со Решение на Директор на Биро за јавна безбедност бил распореден на работно место – самостоен советник за континуирано стручно и физичко оспособување на кое решение поднел приговор кој бил одбиен, по што завел судски спор пред надлежен основен суд. Првостепениот суд го одбил неговото тужбено барање како неосновано, но по изјавена жалба Апелациониот суд Скопје донел Пресуда РОЖ. Бр. 291/18 од 30.05.2019 година со која жалбата ја усвоил, првостепената пресуда ја преиначил и го поништил решението на министерството како незаконито. Покрај ваквата пресуда МВР не постапило согласно напатствијата па на 22.07.2019 година донесено е Решение со кое именуваниот [redacted] бил распореден на работно место [redacted] за статистичко истражување и документирање за Кавадарци. И против ова решение именуваниот поднел приговор кој бил одбиен како неоснован, па повторно завел судски спор кој правосилно завршил со Пресуда РО. Бр. 3/23 на Основен суд Кавадарци со која решението е поништено како незаконито, а министерството требало да го врати именуваниот на работно место

Раководител на смена во ПС за обезбедување на државна граница Михајлово, РЦ за ГР Југ, БЈБ при МВР. Посочува дека од негова страна е е поднесено барање и ургенција до МВР за постапување по пресудата, но дека до денот на поднесување на претставката за заштита од дискриминација нема никаков одговр ниту е постапено.

Од наводите во претставката Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во врска со изнесеното во претставката за заштита од дискриминација, Комисијата го упатува подносителот да ги оствари своите права согласно одредбите од Закон за извршување и да иницира постапка согласно член 234 од овој закон.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
18.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk